Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 239//0306
17.12 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28.11.2024 година, врз основа на примена жалба од **Друштво за консалтинг и услуги НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА НАПЛАТА – НАН ДОО Скопје,** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот/прилогот со наслов **„Бугари регистрирале фирма во Македонија со назив Национална агенција за наплата, инспекторите на терен“**, објавен на телевизијата М-Нет од Штип (mnet.mk), на 08.10.2024 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Друштво за консалтинг и услуги НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА НАПЛАТА – НАН ДОО Скопје, преку адвокатот **Стевица Јосифовски**, на 28.10.2024 г. до СЕММ упати жалба за текстот/прилогот на телевизија М-Нет со наслов „Бугари регистрирале фирма во Македонија со назив Национална агенција за наплата, инспекторите на терен", при што се наведува дека во оспорената содржина има неточно и нефер известување, незастапена втора страна, елементи на мешање факти и мислење со вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Притоа, жалителот наведува дека медиумот „...истакнал дека регистрираниот правен субјект Национална агенција за наплата во својот назив го содржи зборот 'Национална', што е спротивно на Законот за трговските друштва, и дека истото ги става граѓаните во заблуда...". Меѓутоа, жалителот наведува и дека за таквото тврдење медиумот „не приложил ниту еден доказ", односно шпекулацијата се обидел да ја прикрие со тоа што се обратил до министерката за финансии и до Централниот регистер. Притоа, одговорот што го добил медиумот од двата извори е спротивен на изнесеното тврдење.

Жалителот наведува пошироко и други основи зошто смета дека содржината е неетичка и непрофесионална, а во прилог ја достави и целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот), како и други документи.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот и првичното разгледувањето на жалбата од страна на Комисијата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот потпишан од управителот **Благоја Серсемов**, при што целосно се отфрлаат наводите во жалбата. Во одговорот од медиумот, меѓу другото, се наведува: „Во однос на прилогот ... М-Нет телевизија пишуваше конкретно, точно, непристрасно и во корист на граѓаните. Прашањата во самиот прилог се насочени кон државата, односно Министерството за финансии и Централен регистер ... Од Комисијата на СЕММ барам да се отфрли жалбата и да се констатира дека медиумот ги исполнил сите новинарски стандарди во овој прилог"..

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Бугари регистрирале фирма во Македонија со назив Национална агенција за наплата, инспекторите на терен“, објавен на медиумот М-Нет (mnet.mk), на 08.10.2024 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и потврди дека станува збор за текст/прилог кој има елементи на јавен интерес. Но, иако темата е легитимна, регистрирање фирма чие име асоцира на државна институција, сепак, начинот на кој таа е изведена укажува дека станува збор за медиумски производ кој е сработен непрофесионално и надвор од етичките стандарди.

Текстот, кој во меѓувреме е избришан од веб-страната на телевизијата, е напишан еднострано и без проверка на податоците од засегнатиот субјект, т.е. жалителот Националната агенција за наплата – НАН. Тоа значи дека не содржи „втора страна“, нешто што е елементарно при проверка на фактите и професионално информирање на граѓаните. Всушност, за целиот текст заедно со насловот, Комисијата заклучи дека е конфузен, манипулативен и во дел невистинит. Контрадикцијата е јасно видлива и од фактот што на почетокот се тврди дека името на фирмата е збунувачко и создава заблуда кај граѓаните дека станува збор за државна фирма, но при одговорот што го добил медиумот од институциите, конкретно од ЦРМ на РСМ, се гледа дека таквото име не е во спротивност со законот што го регулира ова прашање.

Комисијата констатира дека има и други неточности. На пример, во насловот е наведено дека „инспекторите (се) на терен“, а нема никаква потврда или поткрепа на тоа тврдење во самиот текст. Такво тврдење од насловот не може да се изведе од одговоорот добиен од министерката за финансии. Непроверено е и тврдењето во насловот дека „Бугари регистрирале фирма“, затоа што од самиот текст не произлегува дека лицата се Бугари по националност, туку само дека станува збор за едно правно и две физички лица со седиште и адреси во Софија, Р.Бугарија.

Од тука, Комисијата го разгледуваше и прашањето дали е намерно нагласено во насловот дека станува збор за Бугари, бидејќи секој, од која било земја, ако ги исполнува законските услови, може да регистрира компанија во Македонија. Но, иако ставот на членовите на Комисијата беше дека не случајно е нагласено дека станува збор за Бугари, на крајот беше констатирано дека со таквиот новинарски приод сепак нема прекршување на други членови на Кодексот на новинарите на Македонија, освен веќе споменатиот член 1.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*Член 1:*

*Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.*

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Жана Божиновска и Тамара Чаусидис. На состанокот беа отсутни Димитар Мицев и Зериета Јајага.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595